Александар **ГРЛИЧКОВ**

# МАРКС И МАРКСИЗМОТ ДЕНЕС

За најголемиот мислител на епохата Карл Маркс напишани се многу книги, многу расправи. И денес, сто години по неговата смрт, проучувањата на Маркс и расправиите за неговото колосално дело не малаксуваат. Напротив. Марксистичката мисла денес и понатаму е преокупирана со него, со придонесот на неговата мисла и како наука и како методологија, но исто така и со состојбата во марксистичката мисла, со нејзините потенции, контроверзи и перспективи.

Со право се поставувало и сè уште се поставува прашањето: кои се причините заради кои Карл Маркс и по сто години не ја губи актуелноста, туку напротив предизвикува воодушување, но, исто така, и оспорувања? За тоа постојат најмалку три светско-историски причини. **Првата** од нив се состои во тоа што Карл Маркс со своите научни сознанија направи коперникански пресврт, внесувајќи во филозофијата и воопшто науката — активистичка димензија. **Втората** е во тоа што неговите научни сознанија ја отворија епохата на историскиот процес на социјализмот, бидејќи станаа инструмент за незапирливата револуционерна практика на промена на постојниот свет на капитал-односот. Во своите филозофски осмислувања, Маркс не падна, како многубројните негови претходници, во принката на затворен систем на научни вредности за историски да ги деградира различните можности на својата сопствена репродукција во практиката. Напротив, потврдата за многуте свои ставови ја бараше и ја проверуваше во големата лабораторија на минатата и тогашната човечка практика. Сметаше дека со откривањето на вистината за општеството и неговите законитости човек стекнува „духовен детектор" со кој ќе може да ги открива минските полиња на позитивистичките и догматските заблуди. Но, исто така, беше уверен дека со откривањето на објективните законитости на општествените движења не се завршува „одот по маките" до највисоките врвови на вистината. Револуционерната практика по Маркса тоа го докажува неумоливо. **Третата** причина е во тоа што создаде теориска основа совре-

мените марксисти да можат, потпирајќи се врз целината на неговите научни достигања, а не само врз некои парцијални сознанија, понатаму да ја развиваат неговата мисла и со тоа да ја ослободуваат од талогот на времето на нејзиното настанување. Оттука и потребата за потпор врз изворниот Маркс, врз неговиот дијалектички и материјалистички метод — и за негов понатамошен развој, кои се наметнуваат како резултат на историскиот развиток на светот и на историскиот процес на социјализмот во него, но и на контроверзите и недореченостите кои минатите времиња и Маркс ги оставија во него.

Маркс успеа сите доктрини пред него, но и тие од неговото време, да ги ослободи од нивните ограничености, да ги сфати во процес и движење, да ги преобрази со помош на својата дијалектичка метода, со која фактите и идеите ги извлекува од нивната привидна изолираност, ги открива сложените односи, ги следи движењата во целина, а противречностите ги разрешува како процеси на единствениот свет. На трасата на гигантскиот наредок во историјата на цивилизацијата, Марксовата мисла не е ни надвор од него ниту покрај него, туку во срцевината на милениумското научно искуство, исто така како што стои и во средишницата на проблематиката на епохата на современите светски настани, социјални револуции, на епохата на издигањето и предвестениот пад на капитализмот, на епохата на светско-историскиот процес на социјализмот. Овај оригинален теориски начин на мислење, кој во себе апсорбира многу, дури може да се рече сите дотогашни долгогодишни теориски и револуционерни искуства на човештвото, овозможува да се создава една нова, целосна, научна слика на светот, на неговите објективни и субјективни потенции, а исто така и на неговите противречности и контроверзи.

Не ни е потребно, овде и денес, самите себе си да се уверуваме дека марксизмот денес е највтемелена и во практиката најраспространета теорија на радикалното менување на постојниот, поправо — на социјалистичката преобразба на светот, да го одбраниме од оние кои го идентификуваат со политичката практика на раните социјализми, со стерилниот академизам, а исто така да го браниме и одбраниме од оние кои ја обезвреднуваат марксистичката теориска мисла, настојувајќи да докажат дека од неа не може повеќе да се очекува придонес во разрешувањето на современите цивилизациски противречности на современиот свет, дека од неа не може повеќе да се очекува придонес кон историскиот процес на социјализмот.

Марксистичката мисла на Сојузот на комунистите на Југославија, ослободувајќи се од догматската интерпретација на марксизмот, од канонизираниот и цитатолошки метод, се сврти кон изворната филозофска мисла на Карл Маркс, се насо-

чи кон понатамошни продори врз основа на неговиот дијалектичко-материјалистички метод. Во тоа е и смислата на познатата завршна мисла на Програмата на Сојузот на комунистите на Југославија дека „ништо што е создадено не смее за нас да биде толку свето за да не би можело да биде превозмогнато и за да не би му го отстапило местото на она што е уште понапредно, уште послободно, уште почовечно".

Затоа во оваа прилика нема да се задржуваме на целиот колосален научен опус на Карл Маркс, на сите проблеми на современиот марксизам, туку само на некои актуелни прашања на марксистичката мисла денес, на нејзините витални содржини, како и на нејзините контроверзи и перспективи кои ги наметна современоста, а исто така нема да се задржуваме ни на ограничувањата на историската свест на субјектите на социјализмот, кои беа условени со целината на историските противречности во светот во кои се одвиваше и се одвива фазата на раните социјализми и историскиот процес на социјализмот.

Едно од прашањата кое денес ги преокупира современите марксисти е: дали марксизмот е затворен систем на мислење или е отворена научна мисла заснована врз дијалектичко-материјалистичкиот метод? Особеноста на научните, идејните и идеолошките сознанија на марксизмот, особено во изворната мисла на Карл Маркс, е тоа што во себе ги синтетизира сите долгогодишни теориски и револуционерни искуства на човештвото, создавајќи една нова, научна слика на светот и човекот.

Меѓутоа, токму активистичката дијалектичко-материјалистичка димензија на марксистичкото мислење, нејзината примена и проверување во практиката на социјалниот развој како критериум на секоја, па и на нејзината вистинитост, како суштествен проблем пред марксизмот ја поставува радикалната критика и превозмогнувањето на она марксистичко мислење кое толку често се појавуваше во неговата историја, а кое не му содвествува ни на неговото битие ни на содржината на самата Марксова мисла. Станува збор за недијалектичкиот, канонизаторскиот однос на самите марксисти спрема Марксовата мисла, за нејзиното претставување и апологетско издигање како збир на догми, при што цитатолошкиот метод е единствен критериум за вистинитоста на изнесените ставови. Маркс е, всушност, образец како се осмислува историјата, како се осмислуваат историските движења, начин како единствено може да настане теориски па и филозофски систем. Марксовото учење не е производ на чистиот ум, или на фантазијата и мудроста на генијот, туку мисла настаната со анализа на историскиот развој и на отуѓувањето на тајните на законитостите на тој развој.

Токму Маркс со своето дело е најсериозно предупредување дека недијалектичкиот, ненаучниот, некритичкиот однос спрема идеите и стварноста ,односот кој не ги сфаќа тенденциите и противречностите во вкупното и конкретно-историското човечко постоење, односот кој нема слух за настаните, реалните општествени сили и нивните интереси — објективно се јавува како брана за сфаќање на развојот и на историскиот процес на социјализмот. Зошто, нема подобар доказ од самата Марксова мисла — колку помогна во придвижувањето на светот кон новите простори на слободата кога беше прифаќана и остварувана во својата принципиелна недогматичност и дијалектичка отвореност, а колку и самата — со инсистирањето на речиси религиозниот однос спрема неа, со схоластичкото истакнување на нејзините овие или оние, волку или онолку „закони, принципи и црти", всушност: со инсистирањето на нејзината завршеност и затвореност — ја делеше судбината на општеството закожурчено спрема вистинските потреби на историскиот развиток било на светот, било на определено општество, било на револуционерниот процес, било на одделно политичко движење.

Не се работи само за негирање и минимизирање на марксизмот од страна на неговите противници. Зашто, пречесто и односот на самите марксисти спрема овој отворен мисловен систем не му беше нему примерен — од истакнувањето на неговата провиденцијалност и филозофското поетизирање на човековата надеж од идеализирањето и догматизирањето (од кои сталинистичкото е само најеклатантно). Практиката покажа дека марксистичкиот однос спрема самиот марксизам може да биде валиден и социјално успешен само доколку е на вистинската траса која тој ја бара според својата внатрешна структура, значи — само доколку е на позициите на вистинската марксистичка научна отвореност и вистинскиот револуционерен активизам. Досегашното искуство ни говори дека кога марксизмот се остварувал како отворена мисла, а не како некој затворен идеен систем, се остварувани нови револуционерни продори во битието на светот, остварувани се социјалистички револуции, социјалистички преобразби.

Како што е познато, Маркс не го проектираше социјалистичкото општество како проект за изведување, ниту со тоа сакаше да се занимава. И самиот рече дека „не сака да се занимава со буништата на историјата". Меѓутоа, не остана ни само на длабоката критика на капитализмот, на неговите законитости и противречности, на предвидувањето на условите за негово изумирање. Неговата теориска и идејна скица на социјализмот втемели определени трајни вредности кои можат да послужат за обликување на конкретни политичко-економски системи, кои, се разбира, во самото изведување и облику-

вање не мораат конкретно да бидат во согласност со појдовните замисли, каква што е, на пример, содржината на диктатурата на пролетаријатот. Некои Марксови теориски и идејни основи, како што е познато, се: дека социјализмот ќе биде преодна историска епоха од класно во бескласно општество, од капитализам во комунизам; дека, како такво, ќе биде без свои иманентни законитости и претпоставки својствени за комунизмот; дека тоа ќе биде општество на слободни асоцијации на производителите во кого ќе се создаваат материјални и општествени претпоставки на комунизмот, на ослободувањето на трудот и човекот. Според Маркс, тие цели се остварууваат во текот на преодната епоха на социјализмот. Тие не се оставени за на крај, туку напротив, ќе се остваруваат во интимитет со тие цели во текот на преодната епоха, нема да бидат надвор и наспроти нив.

Многу тешките внатрешни и меѓународни услови на настанувањето и развојот на раните социјализми не можат и не смеат да се идентификуваат со овие Марксови теориски и идејни сознанија. Напротив, за да се збогати сознанието за социјализмот, за неговите силни потенции, за неговата зрелост и неговите можности и потреби, за со сите човечки вредности побогатиот социјализам, социјализам кој би се искорнал од првобитните почетни тешки услови на својот настанок и развој, мораат да бидат исполнети најмалу два услова.

Прво, сé што се случи и што се случува со практиката и идеологијата на раните социјализми и на движењата кои се стремеа кон социјализам во овој век мора да биде подложено под критичка анализа, критички расчленети од нивото на теориско-историско мислење кое нема да паѓа под Марксовото ниво (и на другите мислители на работничкото движење) на критиката на граѓанското општество, туку од таа рамнина да се издига кон потешката и посложена проблематика на историското настанување на социјализмот . А потоа, денешните можности на социјализмот и патиштата и содржините на борбата за социјализам во современиот свет мораат да бидат иследени врз основа на резултатите на таквата критичка анализа на историското искуство. Таквото иследување мора да се ослободи од двојниот идеолошки талог: од идеологиите кои ги произведуваше и сè уште ги произведува капитализмот, а кои од своја страна ги затскриваат вистинските можности за поинаков начин на произведување на животот и организација на одделни општества и нивните меѓународни целини; како и од идеологиите кои ги произведуваше и ги произведува ограничената практика на раните социјализми.

Додека не се проникне низ оваа двојна идеолошка обвивка, не може да се стаса до јадрото на теориските проблеми на современиот социјализам, ниту да се изведат вистински

теориски и политички заклучоци од расправањето за тие проблеми. Пред сè марксистите мораат себе си да си поднесат сметка за фундаменталниот историски факт дека досегашните теориски искристализирани сознанија и идеи на движењата за социјализам не ја довршиле еманципацијата на историската свест од антагонистичките општествени процеси, од фетишизмот својствен на капиталистичкиот општествен процес и од мистификациите на противречните општествени облици и процеси во првата етапа на настанувањето на социјализмот.

Противречностите на современата историска делница укажуваат дека наследството на минатото — капитализмот — е потегаво и позначително и дека како такво повеќе го определува ритамот на трансформациите на старото во ново општество отколку што се претпоставуваше во ерата на појавата на марксизмот и работничкото движење. Изменетите внатрешни и меѓународни услови уште повеќе го потенцираат предизвикот на марксистичката наука да проникнува во новото, да дава нови одговори и интерпретации и со тоа да го намалува значењето и тегавоста на старото во новото.

Развојот на светскиот социјалистички процес, неговите сознанија укажуваат дека целината на општествено-револуционерните сознанија и идеи, мотиви и настојувања кои ги заснова Маркс, а потоа ги развија иследувањата инспирирани од неговата теорија — ги потврдија своите идејни и сознајни вредности во борбата за социјализам, но во исто време ги покажаа и своите првобитни објективни историски ограничувања. Заради тоа таа историска и идејна целина остана и треба да остане отворена за нови историски искуства. Добата на развојот на светскиот процес на социјализмот повеќе отколку кога и да е порано бара критичко испрашување на некои тогашни сознајни вредности на марксизмот, а, исто така, и теориско марксистичко осмислување одговори на прашањата кои ги поставува современата епоха на историскиот развој, и на развојот на раните социјализми; бара свое, а тоа значи марксистичко суштествено историско и теориско збогатување. За тоа, пак, е неопходна слободна и плодна теориска, идејна, културна комуникација меѓу сите марксистички и други социјалистички сили, користејќи ја при тоа сета традиција на марксистичката и социјалистичката мисла од минатото и нивните денешни теориски, идејни и практични манифестирања како резултат на досегашната практика на раните социјалистички општества и целината на светскиот процес на социјализмот.

Марксистичката мисла, во средба и дослух со реалните светски збиднувања, како и со самиот светски социјалистички процес, отвори можност за настанување на идеен и теориски плурализам во неа самата. Во таа смисла, различните специфични вредности на идејните и теориски ориентации кои про-

излегоа од Марксовата идејно-теориска целина и од другите социјалистички идејно-теориски целини, актуелизирани во средбата со проблемите и практиката на раните социјализми и класните борби во светот на капитализмот, во развојот на народноослободителната, антиколонијална револуција и нејзиниот нагон за прелевање во социјална, во средбата со феномените на современиот свет и збогатени со неговите остварувања, како и со заемна критика и синтеза, нужно и реално ја прават плуралистичката идејна и теориска движечка сила на современиот социјализам.

Плуралистичкиот идеен и теориски потенцијал на социјализмот се збогатува и се развива низ критички дијалог со минатите и современите резултати на филозофијата, економијата, социологијата, посебните науки за човекот и општеството и другите области на духовното творештво. Исто така, кон тоа придонесуваат и филозофските критики на граѓанското општество, а и филозофските и другите критики на самите рани социјализми.

Сега не е ни прилика ниту место да се расправа за оние сфаќање кои им се спротивставуваат на фактите, настојувајќи да го оспорат она што во историскиот процес на социјализмот веќе постои или како стварност или како различни стратегии на борбата за социјализам на бројни субјективни сили чие идејно и теориско исходиште е марксизмот. Таквите трагања не ги намалуваат потенцијалите на историскиот процес на социјализмот ниту на марксизмот како научна мисла и дијалектичко-материјалистички метод, туку, напротив, идејниот и теориски плурализам ги јакнат неговите колосални изворни потенцијали и во целост го ревитализираат а не дезинтегрираат со нови сознанија како резултат на новите светско-историски услови. Толеранцијата и развивањето на критички, аргументиран дијалог, без веќе амортизираните квалификации, станува императив за сите марксисти.

За марксистичкото осмислување на светскиот процес на социјализмот со сите негови сложености од посебно значење е и прашањето за односот на марксизмот и другите идеолошки целини во процесот на развојот на движењето за социјализам. Меѓу марксизмот и другите традиционални идеолошко-теориски целини постојат разлики, конкуренција и соочувања, но, исто така, и заемно проникнувачки однос заснован врз признавањето на историските и современите придонеси на овие идеологии кон еманципаторската практика на човековиот живот и човечките заедници. Разликувањето, конкуренцијата, соочувањата го прават богатството на идеи, кои, по сè изгледа, ќе се радикализираат под притисокот на социјално-политичките сили, а традиционалните идеолошки целини во историска и конкретна смисла ќе се вклучуваат во процесот на

социјализмот, задржувајќи ги своите традиционални вредности. Оваа тенденција не е незабележлива во досегашниот развој на светскиот социјалистички процес. Оттука и средбата со „христијанскиот, „исламскиот" и социјализмот заснован врз други традиционални и културни содржини. Марксизмот има голема заслуга што влијае врз стратегиската ориентација на целината и треба да биде отворен за учество во таа стратегиска ориентација и на други идеи и сознанија кои, под притисокот на социјално-политичките сили што ним им припаѓаат, со своите сознанија на свој начин и во границите на своите вредности се упатени кон цивилизациски напредок на општеството, кон ослободување на човекот и народите од сите облици на угнетување, експлоатација, и кон хуманизираиње на човековиот живот.

Се поставува прашањето: дали овие тези го намалуваат значењето на марксизмот во борбата за социјализам како преодни етапи во борбата за комунизам како алтернатива на капитализмот? Значењето на марксизмот не може да се намали со самиот факт дека теоријата и идеологијата се јавуваат како напосреден и најдиректен фактор во борбата за комунизам, за ослободување на човекот и за општество на слободна асоцијација на производителите. Респектирајќи ги разликите, марксистичката мисла со својот силен научен недогматски потенцијал ги ориентира сите субјективни сили на социјализмот кои го прифаќаат марксизмот како своја идеологија да играат видна улога во вкупниот процес на еманципацијата и во развојот на историскиот процес на социјализмот во светот. Се разбира, научно-идеолошките разлики со тие идеологии и нивните теориски и идеолошки ограничувања остануваат, но без таков широк приод тешко е да се пробива во иднината при антагонизам и нетолеранција на плурализмот на идеи, сознанија и идеологии, не исклучувајќи го нивното соочување и конкуренција, за во комунизмот да се стапи со содржини на ослободување и духовно и културно самоопределување. Од овај аспект, на марксизмот не му пречи идејниот плурализам во борбата за развој на движењето на социјализам, во развојот на социјализмот на патот за комунизам. Во реалното движење за социјализам биле, сè и ќе бидат присутни сите идеи ангажирани кон човечки напредок, сознанијата и идеологиите на современиот свет за кои во историска а и во конкретна смисла на развојот на стратегијата на социјализмот мора да се води сметка. Впрочем, таква е и практиката во развојот на раните социјализми, па валидноста на оваа теза може да се изведува од неа самата.

Одбележувајќи ја стогодишнината од смртта на творецот на марксистичката мисла, се поставува прашањето со што и на кој начин можат да му се оддолжат современите марксисти.

Теориските, идеолошките и политичките проблеми на современиот социјализам се во неразлачен дијалектички однос со изворната марксистичка традиција, со развојот на современите социјализми, а, исто така, и со развојот на марксистичката мисла денес. При тоа, исто така ,секогаш треба да се има предвид дека социјализмот како светско-историски процес е во подем но и деа довербата на луѓето во можноста за остварување на историската програма на социјализмот и во вредноста на тоа остварувања повеќе пати била и е ставана пред тешки проби. Многу последователни осуетувања и разочарувања ги доведуваа работните класи ,народите, движењата и луѓето на кои социјализмот им е животно потребен и кои го одбрале како свој социјално-културен идеал — пред дилеми за кои сè потешко може да се најде одговор во теорискиот и практичниот круг кој го затвора практиката на раните социјализми што изронија од големите кризи, војните и револуциите на XX век. Излегувањето од тој круг, пречекорувањето на онаа „гранична свест" која внатре движењата за социјализам и општествените системи кои произлегоа од тие движења ја фиксираа водечките социјално -политички сили на тие движења и политичките сили на тие системи, станува сè попотребно и понужно за да се отворат вистинските прашања на современиот социјализам и да се попречи ризикот од талкања па и оспорувањата на социјализмот како иднина на човештвото.

Ризикот се состои во оспорувањата на теориската и идејна традиција на марксизмот која во добар дел произлегува а, опфатена со тој круг, и во него се таложеше, ги губеше понекои и понекогаш револуционерните атрибути и уверливост, па сега на некого може да му се стори невредна, историски оспорена и за иднината малу употреблива. А без таа традиција, без теориско навлегување во историската меморија на класите и движењата, со исчекорувањето би стапнале во празно. Овде не станува збор за академска претпоставка туку за тенденција која е присутна во развојот и критиката на социјализмот и марксистичката мисла денес. Се разбира, а и природно е, оспорувањето на теориската и идејна традиција на марксизмот од страна на антисоцијалистичките и антикомунистичките сили од редовите на конзервативните и сите оние општествени и културни сили кои се во служба на зачувување на постојниот систем на општествени вредности засновани врз капитал-односот. Меѓутоа, оспорување на теориската и идејна традиција на марксизмот се забележува и кај еден дел критички мислители на левицата, кои се обидуваат начелно да ги оспорат вистинитоста и вредноста на марксизмот или пак, од марксистичката, теориско -критичка свест ги оспоруваат оние главни состојци без кои е многу тешко или невозможно да се заснова практично-историска ориентација на современиот свет и развојот на социјализмот во него.

Современите марксисти не смеат да го потценат фактот дека преку критиката на марксизмот всушност се врши оспорување на вредностите и историските резултати на големиот бран на социјалистички револуции и радикални преобразби во сите делови на светот, на бранот кој започна со Октомвриската револуција 1917 година; одречување на социјалистичкиот, револуционерен потенцијал во општествата каде што се случуваа тие револуции и длабоки општествени промени, и оголено прикажување на тие општества само во ликот на авторитарните системи, „бирократскиот колективизам", своевидниот „тоталитаризам", олигархиските и милитаристичките диктатури; оспорување на вистинитоста на основниот теориски став и идеен патоказ за револуционерните, универзално ослободителните можности на пролетаријатот, на експлоатираните работни класи во непомирливиот историски судир со капитализмот, и пристанување кон идеолошките конструкции за тие класи како прости оваплотувања на експлоатацијата и отуѓувањето, општествено и историски немоќни да ја придвижат и остварат радикалната промена на своето и општото општествено битие и светот; припишување на Марксовата теорија за револуционерната класа и револуцијата одговорност или соодговорност за настанувањето на бирократско-етатистичкиот систем во кого се претвора практиката на „пролетерската револуција"; прикажување на работничкото движење втемелено врз марксизмот како конзервативна, историски дискредитирана и бесперспективна сила и ориентација, низ која неизбежно се повторува теориско-политичката заблуда и промашената практика на илузорниот социјализам-идентификувајќи го марксизмот со сталинизмот и почетните искуства на раните социјализми.

Ако современите марксисти ги демобилизираат своите сили, ако не се потпрат врз изворните сознанија на Маркс и не направат нови теориски продори и врз нив не ја засноваат политичката практика, неизбежно би добивале незаслужена поддршка од идеолозите на оние кои му се противставуваат на продорот на социјализмот — од социјално-политичките сили на капитализмот.

Повеќе од кога и да е, денес постои основа за констатацијата дека социјализмот е на дневен ред на развојот на современиот свет. Сите суштествени конфликти и кризи водат кон социјалистичка разврска. Тоа е резултат на созреаните историски, општествени и економски околности кои наметнуваат радикални преобразби. Тоа е резултат на револуционерната акција на прогресивните сили кои потребата за преобразби ја насочуваат во правец на социјализмот. Средишното прашање на работничкото движење всушност се состои во тоа: колку револуционерната акција ги изразува созреаните историски услови, колку оди во чекор со потребите на современиот свет, колку им претходи, односно колку заостанува зад нив?

Долга низа години работничкото движење во центарот на своите трагања и практични акции го ставаше проблемот на освојувањето на власта. На него даваше различни одговори. Одговорите и патиштата беа сè поразлични. Денес во центарот на преокупациите на работничкото движење не се наоѓа повеќе само прашањето како да се дојде на власт, туку тоа е сè подлабоко преокупирано со проблемите околу содржината и формите на новиот општествен систем кој произлегува или треба да произлезе од освојувањето на власта. Разработката на теоријата и развивањето на акцијата на работничкото движење во таквиот контекст станувaат сè посложени. Природно, стануваат сè посложени и односите и соработката меѓу различните партии и движења кои се стремат кон иста цел, т.е. кон социјализам. Меѓутоа, ако сè уште беше потребен некој доказ дека социјализмот стана предоминантна идеја и систем во кого светот бара излез од на око безизлезните кризи и одговори на прашањата кои изгледаат без одговор, тогаш таквиот доказ можеме да го согледаме во тој нов квалитет на работничкото движење. Од фазата на уривање на стариот систем, тој веќе зачекори далеку во фаза на конципирање и изградување на ново општествено уредување.

Не е само мобилизаторска парола, туку повеќе од колку и кога да е објективно фундирана констатација кога велиме дека се наоѓаме во епохата на големиот премин од капитализам кон социјализам. Силниот притисок за темелни промени на меѓународните и општествените односи ги зафати без исклучок сите континенти, сите региони и сите земји во светот. Тој се манифестира во најразлични облици, но, иако различен во своите манифестации, во битното тој е единствен и сеопфатен процес. За работничките и прогресивни сили од судбинско значење е во својата стратегија единственоста на револуционерната, социјалистичка суштност на современиот развој на светот да ја остваруваат во сета нејзина различност. Не е контрадикција кога ќе се рече дека целиот свет што побргу ќе му припадне на социјализмот, или дека социјализмот што побргу ќе му припадне на целиот свет, доколку во тој сеопфатен процес секој, секоја земја и секој народ би можеле да најдат свој социјализам.

Пред нас е еден нов свет, различен од оној кој пред себе го имаа класиците на марксизомт. Свет во средба со три револуции кои се во тек: социјалистичката, антиколонијалната и научно-технолошката и со нивните општествени, економски, политички, идејни, идеолошки, морални, психолошки и други последици. Свет кој во својата досегашна историја никогаш не бил толку поделен и во исто време толку меѓузависен. Свет кој за првпат во својата историја располага со средства за

сопствено уништување. Свет на колосални можности, но истовремено немоќен успешно да ги решава своите длабоки кризи и противречности.

Одговорите не се на дофат на раката, а не можат ни еднoставно и лесно да се најдат доколку на марксизмот му пристапиме како на нешто што претставува последна мисла за социјализмот.

Констатацијата дека светот веќе длабоко и неповратно зачекорил во епохата на социјализмот може да биде втемелена врз реалноста само доколку под социјализмот и неговите перспективи се подразбираат сите сили кои под различни услови и форми го менуваат светот и неговиот предоминантен систем. Епохата на социјализмот не може да настапи како еднозначно, идејно и акционо „израмнато" настапување „во строј". Еднозначните концепти создадоа таква ситуација во која реалноста и феноменологијата на социјализмот значително ги надминува силите кои се „преброени" како социјалистички. Во некои земји и региони бележиме случаи каде социјалистичките процеси и трансформации започнаа дури и без учество на доктринерно лево регистрирани партии и движења. Од тоа произлегува понатамошниот постулат на револуционерната стратегија; самостојност на секое движење и партија, респектирање на сите алтернативи и автономни патишта во борбата за прогрес. Сѐ на сѐ: развивање на богатство од различности и самостојности во револуционерното движење. Само по тој пат може да се превозмогне расчекорот меѓу историската „созреаност" на социјализмот и реалните општествени промени. Само така можат да бидат ставени во движење адекватните политички сили на прогресот и таму каде што определени и предодредени стратегии и модели не дадоа резултати. По тој пат ќе почне да се разврзува и „контрадикцијата" на марксизмот, т.е. околноста дека револуциите и општествата инспирирани од марксизмот настанале во неразвиените земји, а не во високоиндустријализираните, каде што историски ги очекуваше и ги концепираше и самиот Маркс. Ниту едно самостојно барање на патишта кон социјализмот не би смеело да биде третирано како ревизионизам, а уште помалку како предавство. Зашто, во спротивно, социјализмот ќе заостанува зад условите на историскиот развој, кои најадекватно можат да ги проценуваат работничката класа и работните луѓе на една земја.

Мигот на современиот свет, мигот на историјата на социјализмот, од современите марксисти бара марксистичка мисла на дваесет и првиот век, мисла која не ќе го негира Маркса, која нема по системот на книговодството да иследува во што згрешил Маркс, каде историската практика му даде право, а каде не, зашто тоа води во догматизација на неговото учење — туку врз темелите на неговото филозофско учење и

методите на историскиот и дијалектичкиот материјализам ќе ја развиваат марксистичката мисла врз новите хоризонти на историјата. Мигот на историјата бара од современите марксисти, особено во земјите во кои е изведена социјалистичката револуција и кои застанаа на одредена етапа од нејзиното остварување — нови продори, нови иследувања и нови одговори.

Воспоставувајќи непосреден контакт со прашањето како современите марксисти можат да му се оддолжат на Маркс, да спомнеме една Хегелова мисла: „Ништо реално во историјата не е направено без страст". Современите марксисти, следејќи ја оваа мисла како и самиот Карл Маркс, мораат со многу страст да му пријдат на осмислувањето на современиот свет, на раните социјализми и на историскиот процес на социјализмот и така да одговорат на историскиот миг — со нови продори и интерпретации.